# РАБОТЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ОБУКИТЕ ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВИДОТ И ОДМЕРУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КАЗНАТА

Cavendum est etiam, ne maior poena quam culpa sit et ne iisdem de causis alii plectantur, alii ne appellentur quidem.
Треба да се внимава да казната не биде поголема отколку гревот (престапот) и да поради истата причина едни се казнуваат, а другите не се ниту повикуваат на одговорност

Culpam poena premit comes – Казната го следи гревот - Horacije.



**Квинт Флах Хорациј** (65 година п.н.е. - 8 година п.н.е.) е еден од најважните автори од тој период, голем римски поет. Меѓу најзначанјите списи на Стариот Рим но и на сите времиња се вбојува неговата „Арс поетика“.

Ex iniuria ius non oritur. – Од неправдата не никнува правдата

## 1. Вовед

Потребата за сериозни реформи во казнената процесна област се воочени уште со Стратегијата за реформа на правосудниот систем на Република Македонија од ноември 2004 година. Генерална цел е владеење на правото што подразбира правните правила да бидат општо познати, постојано спроведувани и тоа од секој индивидуалец поединечно[1], изградба на функционален и ефикасен правосуден систем заснован врз европските правни стандарди, кои се состојат во уредување на законодавството,

[1] Улогата на судството – Сандра О Конор Ден, 2002 година

истрага, обвинување, казнување и конфискација[2]. Клучни цели кои треба да се остварат со реформата е јакнењето на неговата независност и зголемувањето на ефикасноста, а пак едно општество може ефикасно да функционира единствено ако постои јасна поделба на овластувањата[3].

Во текот на изминатите неколку десетлетија, а особено од 1993 година, па наваму Законот за кривичната постапка во повеќе наврати беше изменуван и дополнуван, но тие измени не го дадоа посакуваниот ефект и сосема е природна одлуката за донесување на нов Закон за кривичната постапка во кој се имплементирани сите институти кои се користат во современите правни системи, а едновремено и усогласен со меѓународните стандарди. Тоа овозможува казненото право во Република Македонија да стане компатибилно со европското и да може успешно да одговори на предизвикот за борба против организираниот криминал и сите облици на сериозен криминал.

Новиот Закон за кривична постапка значи ново современо право реформирано согласно еворпските текови, кое треба да обезбеди модерна казнена постапка во која максимално ќе се почитуваат човековите права и слободи, но истовремено ќе биде крајно ефикасно. За да се обезбеди тоа неопходни беа структурни реформи во целокупниот систем. Новиот Закон за кривична постапка суштински ја менува улогата на јавниот обвинител. Меѓутоа, истовремено внесува големи реформи во постапувањето на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Адвокатурата.[4]

Постапката сега станува странечка, со нагласена улога на процесната правичност и начелото на контрадикторност на главната расправа. На овој начин во суштина се менува и инквизиторната постапка дизајнирана како службена истрага. Оваа постапка беше долга и неефикасна. Ваквата службена истрага подразбира состојба каде на јавниот обвинител, судот му ги обезбедува доказите, за да може тој да одлучи кого и за кое кривично дело ќе обвини по завршувањето на истрагата.

Преку новиот модел на казнената постапка се очекува:

- да зајакне довербата во инстутуциите на системот (да се намалат пресиите и изворите на грешки во секој стадиум од постапката);
- казненоправниот систем  да стане поефикасен;
- да се зголеми капацитетот за борба со организираниот криминал и трансционалниот криминалитет и тероризам ;
- да стане компатибилен со меѓународното кривично процесно право  и успешно да вклопи во современите стандарди за правата на човекот, како меѓународна обврска за државата.[5]

Новиот Закон за кривичната постапка носи, би рекле, револуционерни промени во кривичната постапка во Република Македонија, од проста причина што во основа се менува концептот на кривичната постапка. Се разбира дека новиот модел на кривичната постапка за сите практичари и теоретичари во земјата кои имаат прогресивни идеи би требало да е, и е прифатлив, меѓутоа секоја промена, а особено

---

[2] Combating Transnational Organised Crime – Brice De Ruyver, Gert Vermeulen, Tom Vander Beken, 2002, стр.401

[3] Парадигмата на независното судство – Josef  B. Diescho

[4] Акционен план за имплементација на Законот за кривичната постапка,  Скопје, јуни 2009 година, стр.8

[5] Акционен план за имплементација на Законот за кривичната постапка,  Скопје, јуни 2009 година, стр.46

вакви радикални промени во системот на постапувањето носат големи очекувања, но и големи предизвици и опасности.[6]

## 2. Одмерување на казна

Процесот на индивидуализација на казната, во кривичната постапка според концептот на ЗКП во примена од 01.12.2013 година се повеќе претставува облик на англосаксонска постапка, во која, е зајакната позицијата на странките и се намалува улогата на судот при утврдувањето на вината. Токму поради тоа процесот на индивидуализација на казната го претставува најважниот, а секако и најкреативниот дел на работата во процесот на судење.

Казната во секој случај претставува количина на општествено предупредување. На тоа општествено предупредување може да се гледа како на апстрактен, преку со законот пропишаната казна за апстрактното кривично дело. Овој облик на предупредување претставува едно од средствата за одвраќање на потенцијалните сторители на кривичните дела да не сторуваат кривични дела.

На казната исто така може да се гледа и како на конкретно предупредување, преку судската одлука за изречената казна, преку која со осудителна пресуда се изразува „општествената осуда поради сторувањето на кривичното дело, која има влијание на сторителот да во иднина не сторува кривични дела, да влијае на сите останати да не вршат кривични дела и да со примената на пропишаната казна се влијае на свеста на граѓаните за опасноста од сторување на кривичните дела и праведноста на казнувањето на нивните сторители“.

Токму разликата помеѓу апстрактното предупредување – казната пропишана во посебниот дел од кривичниот закон – и стварно изречената казна во судската постапка, во најшироката јавност, е причина за присутни несогласувања. Имено, казната како таква, за да би ја постигнала својата цел мора да биде повеќе или помалку извесна. Дури со таков пристап таа може да ја постигне својата цел. Таа цел, од една страна се однесува на неодреден круг на лица кои би биле одвраќани од впуштање во сторување на кривични дела и со тоа би било постигнато да поширок круг на лица ги почитуваат општествено ризнаените норми на однесување. Од друга страна и лицата кои сториле кривични дела треба да ги знаат рамките во кои би се движела казната, како предупредување за неговото однесување во случај да судот утврди да тој е сторителот на кривичното дело, како би и самиот сторител на кривичното дело, а секако и пошироката јавност стекнала доверба во судската власт со исклучување на привидот на арбитрерност на судот во процесот на изрекување на казните.

Во сегашниов момент ноторно е дека постои несклад помеѓу казните кои ги пропишува законодавецот во материјалниот кривичен законик и казните кои ги изрекуваат судовите кон сторителите на кривичните дела. Како во процесот на судење индивидуализацијата на казната, со користење на сите законски рамки пропишани од законодавецот, легитимно право, а истовремено и обврска на судот, и да казните се подведуваат под двостепена контрола, било по жалба на обвинителот или одбраната, па реално гледано во законски постапки се утврдени за исправни, очигледно е да судската власт, која ја претставуваат судиите како индивидуи, не е во можност со своето постапување доведат до значајни промени.

Наведените околности како логичка последица реално наметнуват обврска на законодавецот да токму тој со измените на законот би можел да го помири овој судир

[6] Јован Илиевски - Историја на Јавното обвинителство во Македонија - положба, улога, перспективи, Докторски труд, стр. 35. Скопје, 2013.

на најшироката јавност (своето бирачко тело) и судовите (еден од сегментите на власта), во насока да биде максимално намален и казната на сторителите на кривичните дела да биде што поизвесна.

Одмерувањето на казната, е најголемиот проблем во кривичната постапка, затоа што овој сегмент на постапката, е занемарен, а ако казната биде погрешно одмерена и закаже пеналниот дел на постапката, целата кривична постапка нема смисла. Овој институт особено ретко се обработува од научен и практичен аспект.

Институтот на одмерување на казната според видот на одмерување на казната може да биде:

1. Законски,
2. Судски,
3. Административен.

Судскиот систем на одмерување на казната, е коректив на законскиот систем и претставува индивидуализација на казната.

Административниот систем на одмерување на казната не беше присутен во нашата правна пракса, а е каратекристичен за некои држави во САД.

## 3. Спогодување на Јавниот обвинител со осомничениот

За да може да профункционира новиот концепт на процесната постапка неопходно е да се започне со примена на новите институти предвидени во Законот за кривичната постапка. Во спротивно судството ќе западне во една хаотична состојба која ќе доведе до колапс на системот. Еден од најважните новопредвидени институти, ако не и најважниот, е спогодувањето меѓу јавниот обвинител и осомничениот.

Законот за кривичната постапка содржи одредби кои за првпат во македонското казнено-процесно законодавство ја регулираат можноста за спогодување на јавниот обвинител и осомничениот за видот и висината на кривичната санкција, предвидуваат поинаков статус на изјавата за признавање на вината во фазата на контрола на обвинението, и на признанието дадено во текот на главната расправа во редовната постапка, како и во текот на расправата во скратената постапка одошто тоа беше досега случајот со признанието што обвинетиот можеше да го даде пред судот.[7]

Новите решенија со кои суштински се реформира процедуралното постапување претставуваат, во својата основа, англосаксонски институти кои имаат долгогодишна традиција во државите од common law со нивно нужно прилагодување кон европската правосудна практика. Традиционалното казнено-процесно право и судска практика својствени за европското тло, долги години се спротивставуваа на спогодбената односно консензуалната правда поаѓајќи од определбата дека казнената реакција е строго законски утврдена и не познава дијалог, компромис, ниту договор со оглед на фактот што главната цел е заштита на фундаменталните социјални вредности.

Во казнено-процесната литература веќе подолго време се среќаваат обвинувања дека мешовитата кривична постапка ја карактеризираат спорост, нагласен формализам, нефлексибилност и, како резултат на сето ова, неефикасност. Се очекува со можноста за спогодувањето во дел да се надминат ваквите забелешки и да се овозможи кривичната правда да биде остварена во најкраток можен рок.

Прифаќајќи го тврдењето дека ефикасна казнена правда може, во дел, да се обезбеди и преку постапки кои овозможуваат декриминализација, депенализација, алтернативни облици на кривичното гонење и поедноставување на кривичната

[7] Јован Илиевски - Историја на Јавното обвинителство во Македонија - положба, улога, перспективи, Докторски труд, стр. 85. Скопје, 2013.

постапка, потребно е да се прави разлика помеѓу спогодувањето како однос помеѓу сторител на дело (во својство на осомничен или обвинет и задолжително неговиот бранител) и јавниот обвинител, како овластен тужител, како алтернатива на судската постапка, од преговарањето заради обештетување кои може да се одвиваат помеѓу сторителот и оштетениот, а коишто ги раководи трето незасегнато лице (медијатор) и има карактер на алтернатива за гонењето.

Осомничениот, пред започнувањето на првото испитување, ќе се информира и за правото на спогодување за вината со јавниот обвинител согласно членовите 489 до 496 од овој закон.[8]

Она што јавниот обвинител може да му понуди на осомничениот за неговото признание на вината за делото за кое се терети е изрекување казна под законски одредениот минимум на казната затвор за тоа кривично дело, односно поблага санкција. При тоа обвинителот мора да се движи во рамките на задолжителните прописи од Кривичниот законик за видот[9] и целта[10] на кривичната санкција, условите за нивното изрекување, казните кои можат да се изречат за поделни кривични дела и за границите на ублажувањето на законските пропишани казни[11]. Според тоа, во текот на преговорањето за вина обвинителот не може да понуди изрекување на осомничениот казна која би била под најмалата мерка на казна која за одредено казнено дело може да се изрече со примена на одредбите на Кривичниот законик за поблаги казни, ниту би можел да предложи изрекување на условна осуда за дело за кое таа по кривичниот закон не може да се изрече.

## 4. Казнена политика

Сепак, за да почне да функционира спогодувањето неопходно е во земјата да постои стабилна и воедначена казнена политика. Доколку се направи анализа на постојната казнена во Република Македонија ќе се констатира дека казнената политика е блага и изречените казни се движат најчесто под минимумот утврден со Кривичниот законик или на границата на минимално определената казна и во најголем процент се изрекуваат алтернативни мерки, меѓу кои е најзастапена условната осуда.[12]

Еве неколку конкретни показатели од извршените анализи:

Биле анализирани 50 пресуди за кривичното дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од Кривичниот законик. За ова кривично дело предвидената казна се движи од 0 до 180 месеци затвор во зависност од неговиот облик. Анализата покажала дека просечната казна затвор изнесува 14,26 месеци што е далеку под највисоката пропишана казна, а највисоката досудена казна изнесувала 96 месеци, односно само половина од највисоката пропишана казна.[13] Во 19 од анализираните предмети биле изречени условни осуди. Додека се читаат овие загрижувачки податоци во ниту еден момент не смее да се заборави дека зборуваме за едно од најтешко квалификуваните кривични дела во целиот свет, со извонредно голем степен на општествена опасност, огромна зачестеност и страшни последици.

---

[8] член 206 став 6 од Законот за кривичната постапка

[9] член 33 од Кривичниот законик

[10] член 32 од Кривичниот законик

[11] член 41 од Кривичниот законик

[12] Лидија Брашер Тајд - Анализа на македонската казнена политика и препораки за нејзиниот иден развој: кон поеднообразен систем, Скопје, 2012.

[13] Лидија Брашер Тајд - Анализа на македонската казнена политика и препораки за нејзиниот иден развој: кон поеднообразен систем, стр. 19, Скопје, 2012.

Исто така биле анализирани 50 пресуди за кривичното дело - Тешка кражба од чл.236 од Кривичниот законик. За ова кривично дело предвидената казна се движи од 0 до 180 месеци затвор во зависност од неговиот облик. Анализата покажала дека просечната казна затвор изнесува 10,12 месеци што е далеку под највисоката пропишана казна.[14]

За кривичното дело - Злоупотреба на службената положба и овластување биле анализирани 45 пресуди. За ова кривично дело предвидената казна се движи од 6 до 180 месеци затвор во зависност од неговиот облик. Анализата покажала дека просечната казна затвор изнесува 1,58 месеци што е исклучително далеку под највисоката пропишана казна, а сите изречени казни биле под законски пропишаниот минимум.[15] Во 39 од анализираните 45 предмети биле изречени условни осуди.

Слична е состојбата и со останатите кривични дела:

Загрозување на безбедноста на сообраќајот - предвидена казна од 0 до 60 месеци, просечна досудена казна: 1,2 месеци затвор. Највисоката досудена казна затвор изнесува само нецели 17% од највисоката предвидена казна.

Кражба - предвидена казна од 0 до 36 месеци, просечна досудена казна: 1,35 месеци затвор.

Заклучоците на експертите кое го вршеле погоренаведеното истражување се дека досудената просечна казна во сите предмети, во сите категории се наоѓа далеку на долната граница на опсегот на предвидената казна пропишана со закон, дека опсегот казни што бил применет од страна на судиите, односно најниските и највисоките казни, е далеку понизок од највисоката казна затвор пропишана со закон што укажува на фактот дека судиите воопшто не ја користат горната граница на казните што им ја овозможува законот.

Што се однесува до воедначеноста на изречените казни анализите покажуваат дека во зависност од подрачјето изречените казни значително се разликуваат. На пример за кривичното дело Тешка кражба казнената политка во подрачјата на апелационите судови во Гостивар и Штип е два пати поблага од онаа на судовите на подрачјето Скопје и Битола. За кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување веќе кажавме дека во сите апелациони подрачја се изрекуваат исклучително ниски казни, но и покрај тоа се констатира и значително одстапување. На пример 0,7 месеци затвор во Гостивар а 2,2 месеци затвор во Штип, што е три пати повеќе. За кривичното дело Загрозување на безбедноста на сообраќајот просечната казна во Скопје и Штип е околу 2 месеци затвор, а во Битола и Гостивар за ова кривично дело воопшто не се изркуваат затворски казни. За кривичното дело Кражба просечната казна во скопското апелационо подрачје е значително повисока од просечните казни кои се изрекуваат за истото дело во Битола, Гостивар и Штип.

Општо гледано постои голема варијација во казнувањето и воопшто неможе да се зборува за воедначена казнена политика, што значи дека во Република Македонија граѓаните не се еднакви пред законот туку казната зависи од тоа каде е сторено кривичното дело и каде се наоѓа судот кој ја носи пресудата.

На крајот од овој дел ќе се осврнеме и на дел од спроведеното истражување[16] кое се однесува на казнената политика во Република Македонија:

Вкупно беа анкетирани 276 лица.

---

14 Лидија Брашер Тајд - Анализа на македонската казнена политика и препораки за нејзиниот иден развој: кон поеднообразен систем, стр. 19, Скопје, 2012.

15 Лидија Брашер Тајд - Анализа на македонската казнена политика и препораки за нејзиниот иден развој: кон поеднообразен систем, стр. 19, Скопје, 2012.

16 Јован Илиевски - Историја на Јавното обвинителство во Македонија - положба, улога, перспективи, Докторски труд, Скопје, 2013.

Со истражувањето беа опфатени 72 јавни обвинители од целата Република Македонија и од сите степени, како од основните јавни обвинителства, исто така и од вишите јавни обвинителства, а и од Јавното обвинителство на Република Македонија.

Мислењето на стручната јавност е презентирано од страна на 147 лица од седум институции и тоа од судовите, 26 судии од сите степени, 47 припадници на Министерството за внатрешни работи, од кои 11 лица вработени во Управата за безбедност и контраразузнавање, 20 адвокати, 15 лица вработени во Управата за финансиска полиција, 11 лица од Царинската управа, 12 од Управата за финансиско разузнавање и 16 лица вработени во Управата за јавни приходи.

Конечно, со истражувањето беа опфатни и 57 лица чија професија нема допирни точки со работата на јавното обвинителство.

На прашањето: Како ја оценувате висината на изречените казни, повеќе од една половина од анкетираните, 153 или 55,43% сметаат дека изречените казни се благи.

Нешто помалу од една четвртина од анкетираните, 65 или 23,55% сметаат дека изречените казни се објективни според тежината на извршените кривични дела и личноста на осудените.

Значително е помал бројот на оние кои сметаат дека изречените казни се необјективни и дека зависат од тоа кој е сторителот, па во зависност од тоа или се преблаги или пак се престроги. Вака одговориле 25 лица или 9,06%.

Сосема е мал бројот на оние кои одговориле дека изречените казни се строги, само 6 лица или 2,17%, а дури 27 анкетирани лица или 9,78% се произнеле дека немаат доволно информации за тоа како се движат казните.




Јавните обвинители од кои 84,72% се произнеле дека изречените казни се благи наведуваат дека е ова особено изразено кај потешките кривични дела и дека покрај благото санкционирање на сторителите судот во најголем број случаи не ја одзема противправно стекнатата имотна корист и сето тоа го стимулира криминалитетот во нашата земја. Исто така во одговорите се потенцира невоедначената казнена политика.




Припадниците на Министерството за внатрешни работи се поконкретни. Тие истакнуваат дека благата казнена политика се должи на присутните коруптивни процеси, роднински и политички влијанија. Често казната зависи од тоа кој е сторителот и поради тоа казните се неунифицирани и нестандардизирани.

Мнозинството од анкетираните адвокати, или 60% сметаат дека изречените казни се соодветни на тежината на сторените кривични дела, а по малку зачудува ставот на судиите од кои најголем број, 73,08% изјавиле дека казнената политика во Република Македонија е блага. На вакво мислење е поголемиот дел од испитаниците од „лаичката“ јавност.







## 5. Олеснувачки и отежнувачки околности

Кога се анализираат околностите што судиите во Република Македонија ги ценат како значајни за одредувањето на видот и одмерувањето на висината на казната ќе се констатира една целосно хаотична состојба.

На пример, како отежнувачки најчесто се ценат околности кои се дел од битието на конкретното кривично дело, како што е на пример тежината на кривичното дело, начинот на извршување на кривичното дело и слично. Имено, за потешките кривични

дела во Кривичниот законик се предвидени построги казни, така што со самата правна квалификација на конкретното кривично дело веќе е извршена оцена за неговата тежина и нема оправданост тоа повторно да се цени и како отежнувачка околност. Или пак за начинот на кој кривичното дело е извршено: на пример судот како отежнувачка околност го цени фактот што разбојништвото е извршено со употреба на оружје што е неоправдано бидејќи употребата на оружје при извршувањето на делото веќе довело до построго квалификување на самото кривично дело (доколку при извршувањето не би било употребено оружје самата правна квалификација би била поблага и, теоретски, сторителот би бил поблаго казнет).

Што се однесува до олеснувачките околности состојбата е уште полоша. Најчесто судиите само ги набројуваат околностите без притоа да се прибават било какви докази дека тие околности се навистина точни туку некритички се прифаќа искажувањето на самиот обвинет, па така како олеснувачки околности се ценат лошата здравствена состојба на обвинетиот (без медицинска документација), слабата имотна состојба (без материјален доказ), неговата семејна состојба (ако е женет/мажена тоа се прифаќа како олеснувачка околност бидејќи обвинетиот формирал семејство, ако е неженет/немажена тоа се прифаќа како олеснувачка околност бидејќи обвинетиот допрва треба да формира семејство; ако има деца олеснувачка околност е дека има деца, ако нема деца олеснувачка околност е дека нема деца), а по однес на вработеноста состојбата е иста: олеснувачка околност е ако обвинетиот е вработен, но олеснувачка околност е и ако не е вработен, како и по однос на возраста: олеснувака околност е ако обвинетиот е млад, но олеснувачка околност е и ако обвинетиот е возрасен, и слично.

Не се прави индивидуализација на казните, па така ќе најдеме доволно примери каде се суди на повеќе обвинети со различна возраст, различно образование, различна семејна состојба, нивното учество при извршувањето на кривичното дело е различно (еден е идеолог, друг директен извршител, третиот помагач...), некои од обвинетите се претходно осудувани, а некои не, но на крајот сите добиваат иста казна, и по вид и по височина.

Можеби најзагрижувачко беше постапувањето на судот кога се вршеше ублажување на казната согласно член 40 став 2 од Кривичниот законик, пред неговите измени, и кога се изрекуваа казни под законски утврдениот минимум за конкретното кривично дело. Ова често во практиката се случуваше иако со децении судот не искристализира став кои се тие „особено олеснувачки околности“ кои би довеле до казнување под законскиот минимум, така што овој институт во праксата често се злоупотребува и казните се намалуваат под законскиот минимум без законски основ.

Еве две конкретни пресуди земени сосема случајно од веб страната на Основниот суд Скопје I во Скопје:

1. Обвинети се шест лица од кои четворица имаат завршено основно, а двајца средно образование, тројца имаат постојани приходи (земјоделец, бравар и сопственик на угостителски објект), а тројца се невработени, четворица се женети, а двајца не и претходно ниту еден од обвинетите не бил осудуван.

Нивното учество во инкриминираните дејствија е различно: прво и второ обвинетите сториле кривично дело - Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 ст.2 вв со ст.1 вв со чл.22 од Кривичниот Законик, третообвинетиот сторил кривично дело -Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 ст.2 вв со ст.1 вв со чл.19 и чл. 22 од Кривичниот Законик, а четврто, петто и шесто обвинетите сториле кривично дело -Недозволено изработување, држење и тргување со оружје и распрскувачки материи од чл.396 ст.2 вв со ст.1 вв со чл.22 од Кривичниот Законик.

По спроведената постапка судот на сите обвинети им изрекол казна затвор под минимумот утврден со законот за конкретното кривично дело, значи кај секој од обвинетите нашол дека постојат „особено олеснувачки околности“, па на прво, второ, четврто, петто и шесто обвинетите им изрекол казна затвор во траење од 3 години и шест месеци или по 42 месеци затвор, а на трето обвинетиот му изрекол казна затвор во траење од 3 години или 36 месеци. Минимумот за ова кривично дело предвиден во Кривичниот законик е 5 години или 60 месеци затвор, а максимумот 15 години или 180 месеци.

Еве како судот ги образложил околностите кои ги ценел за да ги утврди погоренаведените казни (цитат): „При одмерувањето на видот и висината на кривичната санкција, судот ги имаше во предвид околностите од чл.39 од КЗ, па како отежителни околности за обвинетиот И. И. ги зеде во предвид зачестеното извршување на кривичното дело, начинот на извршување на делото, побудите од кои е сторено делото, а како олеснителни околности ги зеде во предвид возраста на обвинетиот, тој е роден .... година, неговата семејна положба тој е женет и татко на две деца, како и неговото досегашно однесување тој е неосудуван и против него не се водат постапки за други кривични дела. Како отежителни околности судот за обвинетиот И. С. ги зеде во вид зачестеното извршување на кривичното дело, начинот на извршување на делото, побудите од кои е сторено делото, а како олеснителни околности ги зеде во предвид возраста на обвинетиот тој е млада личност роден .... година, неговата семејна положба тој е женет, како и неговото досегашно однесување, тој е неосудуван и против него не се водат постапки за други кривични дела. Како отежителни околности судот за обвинетиот Џ. В. ги зеде во вид зачестеното извршување на кривичното дело, начинот на извршување на делото, побудите од кои е сторено делото, а како олеснителни околности ги зеде во предвид неговата семејна положба, тој е женет, татко на три деца. Како отежителни околности судот за обвинетиот Ф. А. ги зеде во вид зачестеното извршување на кривичното дело, начинот на извршување на делото, побудите од кои е сторено делото, а како олеснителни околности ги зеде во предвид возраста на обвинетиот тој е млада личност роден .... година, неговата семејна положба тој е женет, татко на две деца, како и неговото досегашно однесување тој е неосудуван и против него не се водат постапки за други кривични дела. Како отежителни околности судот за обвинетиот Ф. Н. ги зеде во вид зачестеното извршување на кривичното дело, начинот на извршување на делото, побудите од кои е сторено делото, а како олеснителни околности ги зеде во предвид возраста на обвинетиот, тој е млада личност роден .... година,како и неговото досегашно однесување околноста дека против обвинетиот не се води постапка за друго кривично дело и тој не е осудуван. Како отежителни околности судот за обвинетиот Ф. Ј. ги зеде во вид зачестеното извршување на кривичното дело, начинот на извршување на делото, побудите од кои е сторено делото, а како и околноста дека обвинетиот е осудуван, а како олеснителни околности ги зеде во предвид возраста на обвинетиот, тој е млада личност роден .... година, како и околноста дека против обвинетиот не се води постапка за друго кривично дело, па судот имајќи ги во предвид одредбите од чл.40 и 41 од КЗ, најде дека во конкретниот случај ќе бидат исполнети целите на казнувањето по чл. 32 од КЗ, изречени како во диспозитивот на пресудата, во кои казни согласно чл. 47 од КЗ им е засметано и времето поминато во притвор и во куќен притвор.“

2. Судот по спроведената постапка на обвинетиот за сторено кривично дело Криумчарење по чл.278 ст.1 од Кривичниот законик му изрекол алтернативна мерка - Условна осуда со која му утврдил казна затвор во траење од 1 година која нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 2 години не стори ново кривично дело.

Еве како судот ги ценел околностите (цитат): „При одредување на видот и висината на кривичната санкција, судот ги имаше во предвид околностите предвидени во чл. 39 од Кривичниот законик, па како отежителни ги ценеше видот и карактерот на кривичното дело, начинот на неговото извршување, последицата која настанала со извршување на делото, а како олеснителни ги ценеше возраста на обвинетиот, истиот е роден …. година, околноста што против него не се води друга кривична постапка, како и однесувањето на обвинетиот пред судот. Во контекст на вака утврдените и ценети отежителни и олеснителни околности кои што стојат на страна на обвинетиот, судот на обвинетиот му изрече условна осуда, како во диспозитивот на пресудата, а со која очекува да бидат исполнети целите на казнувањето во смисла на генералната, а особено на специјалната превенција утврдени во чл. 32 од Кривичниот законик.“

Би можеле да цитираме уште многу други пресуди, но не би имале никаква корист од тоа бидејќи речиси сите се служат со истите фрази и стереотипи, што само ги потврдува горните констатации.

## 6. Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната

Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната содржи 24 члена поделени во 6 глави и 5 прилози.

Во првата глава - Основни одредби е наведена целта на законот, а тоа е воедначување на казнената политика при изрекувањето на казните од судовите во Република Македонија преку пропишување објективни критериуми за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

Законот се заснова на следниве начела:

- Законитост,
- Индивидуализација на казната,
- Пропорционалност на казната со стореното кривично дело,
- Ефикасност,
- Воедначување на казнената политика, и
- Транспарентност.

Во втората глава е предвидено основање на Комисија за воедначување на казнената политика.

Комисијата е независно и советодавно тело кое се грижи за воедначување на казнената политика во изрекувањето на казните преку предлагање критериуми за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

Комисијата е составена од седум члена кои ги избира Собранието на Република Македонија со мандат од четири години, со право на повторен избор од кои:

- два члена се избираат по предлог на Јавниот обвинител на Република Македонија, од редот на јавните обвинители со најмалку 10 години работно искуство во кривичната материја,

- два члена се избираат по предлог на Судскиот совет на Република Македонија од редот судии со најмалку 10 години работно искуство во кривичната материја,

- еден член се избира по предлог на Адвокатската комора на Македонија од редот на адвокатите со најмалку 10 години работно искуство во кривичната материја,

- еден член се избира по предлог на министерот за правда, од редот на редовните или вонредните професори по предметите од казнената област и

- еден член се избира по предлог на Владата на Република Македонија, од редот на редовните или вонредните професори по предметите од казнената област.

Комисијата има седиште во Министерството за правда и во односите со другите органи и лица настапува со свое лого, кое го утврдува Комисијата.

Од редот на избраните членови, Комисијата избира претседател со мандат од две години, со право на повторен избор.

Надлежности на комисијата:

- ја следи и анализира казнената политика на судовите во Република Македонија, во смисла на целите на казнувањето (т.е., утврдената казна, запретената казна, способноста за вина, превенцијата и рехабилитацијата, како и пресудите донесени врз основа на спогодба меѓу јавниот обвинител и обвинетиот);

- предлага мерки за обезбедување на сигурност и правичност во исполнувањето на целите на казнувањето, заради избегнување на неоправдан диспаритет меѓу сторителите на кривични дела со слични карактеристики осудени за исти или слични кривични дела (според објективната категоризација на кривични дела согласно овој закон), со почитување на диспозицијата на судот при оцената на отежнувачките и олеснувачките околности;

- доставува предлози до Министерството за правда на Република Македонија за изменување и дополнување на Кривичниот законик и на овој закон;

- доставува годишен извештај до Собранието на Република Македонија;

- до Министерството за правда доставува шестмесечни извештаи за прашањата од нејзина надлежност, за што Министерството ја известува Владата на Република Македонија; и

- доставува известувања до Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавни обвинители, до Врховниот суд на Република Македонија и Јавниот обвинител на Република Македонија за примената на овој закон по судови и дава предлози и укажувања за начинот на воедначување на казнената политика.

Во третата глава е опишана постапката за одредување на видот и одмерување на висината на кривичните санкции која се врши врз основа на следниве објективни критериуми:

1. објективна категоризација на кривичното дело и
2. поранешниот живот на сторителот на кривичното дело.

Кривичните дела пропишани во Кривичниот законик и во други материјални закони се категоризираат во следниве хоризонтални категории:

Според првиот критериум утврдени се 55 хоризонтални категории по редови во кои се групирани кривичните дела според предвидената казна во Кривичниот законик. Тоа се следните категории:

I. парична казна,
II. парична казна или затвор до 3 месеци,
III. парична казна или затвор до 6 месеци,
IV. затвор до 6 месеци,
V. парична казна или затвор до 1 година,
VI. затвор до 1 година и парична казна,
VII. парична казна или затвор од 3 месеци до 1 година,
VIII. затвор од 3 месеци до 1 година,
IX. парична казна или затвор од 6 месеци до 1 година,
X. затвор од 6 месеци до 1 година
XI. парична казна или затвор до 3 години,
XII. затвор до 3 години и парична казна,

XIII. парична казна или затвор од 3 месеци до 3 години
XIV. затвор од 3 месеци до 3 години,
XV. затвор од 6 месеци до 2 години и парична казна,
XVI. парична казнаили затвор од 6 месеци до 3 години,
XVII. затвор од 6 месеци до 3 години,
XVIII. затвор од 6 месеци до 3 години и парична казна,
XIX. парична казна или затвор од 1 до 3 години,
XX. затвор од 1 до 3 години,
XXI. парична казна или затвор до 4 години,
XXII. парична казна или затвор до 5 години,
XXIII. затвор до 5 години и парична казна,
XXIV. затвор од 3 месеци до 5 години,
XXV. парична казна или затвор од 6 месеци до 5 години,
XXVI. затвор од 6 месеци до 5 години,
XXVII. затвор од 6 месеци до 5 години и парична казна,
XXVIII. парична казна или затвор од 1 до 5 години,
XXIX. затвор од 1 до 5 години,
XXX. затвор од 1 до 5 години и парична казна,
XXXI. затвор од 3 до 5 години,
XXXII. затвор од 3 месеци до 6 години или парична казна,
XXXIII. затвор од 1 до 8 години,
XXXIV. затвор од 1 до 8 години и парична казна,
XXXV. затвор од 3 до 8 години,
XXXVI. затвор од 5 до 8 години,
XXXVII. парична казна или затвор од 1 до 10 години
XXXVIII. затвор од 1 до 10 години,
XXXIX. затвор од 1 до 10 години и парична казна,
XL. затвор од 3 до 10 години,
XLI. затвор од 4 до 10 години,
XLII. затвор од 5 до 10 години,
XLIII. најмалку 1 година затвор,
XLIV. најмалку 2 години затвор,
XLV. парична казна или затвор од најмалку 3 години
XLVI. најмалку 3 години затвор,
XLVII. најмалку 4 години затвор,
XLVIII. најмалку 4 години затвор и парична казна,
XLIX. најмалку 5 години затвор,
L. најмалку 8 години затвор,
LI. најмалку 10 години затвор,
LII. најмалку 12 години затвор,
LIII. најмалку 5 години затвор или доживотен затвор,
LIV. најмалку 10 години затвор или доживотен затвор и
LV. најмалку 15 години затвор или доживотен затвор

Според вториот критериум - поранешниот живот на сторителот на кривичното дело односно неговата претходна осудуваност утврдени се 6 вертикални категории по колони. Тоа се следните категории:

I. неосудуван

II. до две правосилни пресуди за кривични дела за кои е предвидена парична казна или казна затвор до 5 години

III. до две правосилни пресуди од кои барем една е за кривично дело за кое е предвидена казна затвор над 5 години

IV. три правосилни пресуди или две пресуди со изречена ефективна казна затвор над 6 месеци или една пресуда со изречена ефективна казна затвор од најмалку 3 години

V. четири правосилни пресуди или две пресуди со изречена казна затвор од најмалку две години или една пресуда со изречена казна затвор од најмалку 5 години

VI. пет или повеќе правосилни пресуди или две пресуди од најмалку 5 години затвор или една пресуда од најмалку 8 години затвор

Во секој хоризонтален ред, во зависност од предвидената казна затвор во Кривичниот законик за секое конкретно кривично дело, се предвидува минимална и максимална казна затвор која на сторителот би можела да му биде изречена, во зависност од тоа во која вертикална категорија, со оглед на личноста на сторителот, тој ќе биде класифициран. Притоа е земен целиот распон на предвидената казна која е пресметана во месеци заради нејзино полесно и појасно засметување.

**Пример**: Извршено е кривично дело за кое во Кривичниот законик е предвидена казна затвор од 3 месеци до 5 години (хоризонтална категорија XXII). Изразена во месеци казната би изнесувала од 3 до 60 месеци. Доколку сторителот според неговите лични својства спаѓа во првата вертикална категорија (**I.** неосудуван) може да му биде изречена казна затвор од 3 до 24 месеци. Доколку пак спаѓа во втората вертикална категорија (**II.** до две пресуди за кривични дела за кои е предвидена парична казна или казна затвор до 5 години) може да му биде изречена казна затвор од 9 до 30 месеци. За третата вертикална категорија (**III.** до две пресуди од кои барем една е за кривично дело за кое е предвидена казна затвор над 5 години) - од 12 до 36 месеци, за четвртата категорија (**IV.** Три пресуди или две пресуди со изречена ефективна казна затвор над 6 месеци или една пресуда со изречена ефективна казна затвор од најмалку 3 години) - од 24 до 48 месеци, за петтата категорија (**V.** Четири пресуди или две пресуди со изречена казна затвор од најмалку две години или една пресуда со изречена казна затвор од најмалку 5 години) - од 36 до 54 месеци, и конечно доколку спаѓа во шестата вертикална категорија (**VI.** Пет или повеќе пресуди или две пресуди од најмалку 5 години затвор или една пресуда од најмалку 8 години затвор) може да му биде изречена казна затвор од 48 до 60 месеци. Ова значи дека е опфатен целиот распон на казната предвиден во Кривичниот законик, а на судот му е оставено дискреционото овластување да ја определува казната, но во границите на секоја вертикална категорија.

Во секоја вертикална категорија е утврдена средна вредност на висината на казната (во месеци), од која судот ќе започне да ги засметува олеснувачките и отежнувачките околности врз основа на што ќе ја индивидуализира висината на казната за конкретен сторител.

**Пример**: За првата вертикална категорија (**I.** неосудуван, од 3 до 24 месеци) судот ќе започне од 18 месеци, за втората вертикална категорија (**II.** до две пресуди за кривични дела за кои е предвидена парична казна или казна затвор до 5 години, од 9 до 30 месеци) ќе започне од 20 месеци, за третата вертикална категорија (**III.** до две пресуди од кои барем една е за кривично дело за кое е предвидена казна затвор над 5 години, од 12 до 36 месеци) од 24 месеци, за четвртата категорија (**IV.** Три пресуди или две пресуди со изречена ефективна казна затвор над 6 месеци или една пресуда со изречена ефективна казна затвор од најмалку 3 години, од 24 до 48 месеци) од 36 месеци, за петтата категорија (**V.** Четири пресуди или две пресуди со изречена казна

затвор од најмалку две години или една пресуда со изречена казна затвор од најмалку 5 години, од 36 до 54 месеци) од 45 месеци и за шестата вертикална категорија (**VI.** Пет или повеќе пресуди или две пресуди од најмалку 5 години затвор или една пресуда од најмалку 8 години затвор, од 48 до 60 месеци) од 54 месеци.

По истата методологија за кривичните дела за кои во Кривичниот законик е предвидено изрекување на парична казна како главна казна, во вертикалните и хоризонталните категории е утврден и распонот на паричната казна изразен во дневни глоби.

При определување на висината на паричната казна како споредна казна, судот треба да ги има предвид имотните и личните прилики на сторителот, приходот што сторителот го остварува или согласно неговата материјална положба и лични својства и особини може да го остварува, вклучително и неговите семејни и други обврски и имотната состојба во време на донесување на судската одлука. Од друга страна да ги има предвид и општите критериуми што судот ги применува при определување на висината на паричната казна, како главна казна, согласно ова упатство, без да ја одмерува споредната казна во дневни глоби, а сето ова во контекст на начинот и околностите под кои е сторено предметното кривично дело и особено висината на причинетата штета или прибавената имотна корист, но и аспектот на користољубие кое го мотивирало сторителот.

Отежнувачките и олеснувачките околности се засметуваат со додавање односно одземање на поени, при што почетна основа претставува средната вредност на утврдената висина на казната во секоја вертикална категорија согласно табелата која е содржана во Прилогот број 1.

Отежнувачките и олеснувачките околности кои влијаат врз висината на казната се групирани во следниве категории:

I. Степен ка кривичната одговорност:

- Степенот на пресметливост
- Обликот на вината, но само надвор од мерката неопходна за постоење на кривичното дело и вината
- Умисла
- Намерата на сторителот, но само тогаш кога не е посебен елемент на законското битие на кривичното дело
- Придонесот на жртвата или оштетениот, но само тогаш кога не е посебен елемент на законското битие на кривичното дело.

II. Побуди од кои е сторено кривичното дело:

- Причините од кои сторителот се раководел при сторувањето на делото (мотивите)
- Од морален и општествен аспект, можат да бидат позитивни или негативни

Примери на побуди за сторување на делото кои можат да бидат од влијание на сторените дела (кога не се елементи на законското битие на делото) – нужда, алтруизам, омраза, завист, освета, љубомора итн.

III. Јачината на загрозувањето или повредата на заштитното добро:

- Времето и местото на сторување на кривичното дело
- Начинот на кој делото е сторено (на дрзок начин, со бруталност, одлучност, на безобразен начин, делото сторено на јавно место, во присуство на деца, во состав на група, при сторувањето на делото се загрозени и други лица ....)

Сите овие околности може да бидат ценети при одмерувањето на казната само ако не се елементи на законското битие на кривичното дело.

IV. Околности под кои е сторено делото:
- Лицата спрема кои делото е сторено
- Средството со кој делото е сторено
- Искористување на одредена положба, својство или однос на доверба

Сите овие околности може да бидат ценети при одмерувањето на казната само ако не се елементи на законското битие на кривичното дело.

V. Придонес на жртвата во извршување на делото,

VI. Поранешниот живот на сторителот:
- Утврдувањето на овие околности има воглавном за цел проценка односно прогноза на идното однесување на сторителот
- Се врши оценка на досегашниот однос на сторителот кон основните општествени вредности и кон правата и доброто на други поединци
- Посебно значење има поранешната осудуваност на сторителот и поранешното казнување, како и досегашната неосудуваност

VII. Лични прилики и однесување по сторување на кривичното дело:
- Здраствената состојба на обвинетиот и членовите на потесното семејство
- Социјалната и материјалната состојба
- Семејната состојба
- Односот спрема жртвата или оштетениот (извинување, обештетување)
- Напорите сторени за одстранување или намалување на предизвиканите последици
- Изразениот став кон стореното кривично дело (каење, грижа на совеста, рамнодушност, дрскост)
- Придонес кон ефикасното окончување на кривичната постапка (признавање на делото)

VIII. Други околности што се однесуваат на личноста на сторителот:
- Староста на сторителот
- Личните својства
- Работноправниот статус, и

IX. Поранешното дело е од ист вид како новото дело, делата се сторени од исти побуди, времето поминато од поранешната осуда, односно од издржаната или простената казна

Новите институти на кривичната постапка во Република Македонија кои се од влијание за одмерување на казната: признавањето на вина, спогодбата за признавање на вина и изјаснувањето за вина. Овие институти се земаат како олеснителни околности при одмерувањето на казната за сторителот на кривичното дело.

Спогодбата за признавање на вина и договарање на видот и висината на кривичната санкција се склучува помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот и неговиот адвокат, а основната цел за нејзиното склучување е токму ублажувањето на казната.

**6.1. Задача на обвинителството**

Обвинителството мора да ги докаже отежнувачките околности надвор од разумно сомнение.

Стандард за докажување за олеснувачките околности не е како кај отежнувачките околности доказ надвор од секој разумен сомнеж, туку доказ врз основа

на оценка на веројатност - потребно е да биде „поверојатно дека (олеснувачките околности) постојат отколку да не постојат“

Имајки го во предвид погоре наведеното важно е да се напомене да однесувањето кое не е опишано во обвинението, пртставува однесување за кое не е подигнато обвинение, а иако било дел од самото кривично дело како однесувањето или било дел од единствените шеми или план како но не е опфатено при пресудувањето за конкретното кривично дело и не може да се смета за отежнувачки фактор. Причината за оваа е очигледна - на сторителот може да му биде изречена казна само за однесување за кое е осуден.

Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната не ги дефинира исцрпно сите фактори кои можат да претставуваат отежнителни или олеснителни околности. Факторите кои се земани во предвид како такви детално се наведени во понатамошниот текст.

## 6.2. Отежнувачки околности

При одредување на казна судечкиот судија или совет мора да ги земе предвид отежнувачките околности поврзани за кривичното дело за кое обвинетиот е огласен за виновен.

Само оние околности кои се специфични и извесни пред судечкиот судија или совет, било преку обвинението или во текот на судењето, можат да се земат предвид при разгледувањето и оценката како отежнувачки околности.

Постоењето на таквите отежнувачки околности мора да биде докажано надвор од секакво разумно сомение.

Како такви можат да бидат опфатени:

- траењето на инкриминираното однесување,
- умислата и мотивот поради кривичните дела се сторени. На пример однапред планирање, може да претставува отежнувачка околност.
- покажаниот ентузијазам при извршувањето на кривично дело,
- дискриминирачката состојба на умот при што дискриминацијата не представува елемент на кривично дело. На пример дискриминација по етничка и верска основа би се сметал за отежнувачки фактор но само доколку не се разгледуваат за изрекување на потешка казна во пресудата во која таквата дискриминација претставува елемент на кривично дело
- бројот на жртвите,
- статус на жртвите и последиците од кривичните дела по нив
- систематска природа на кривичните дела,
- заплашување на сведоците и
- општите околности на кривичните дела

## 6.3. Забрана за двојна примена на истиот фактор како отежнувачка околност

Факторите кои судечкиот судија или совет ги зема во предвид како што е аспектот на тежината од кривичното дело не можат дополнително да се земат предвид како одвоени отежнувачки околности и обратно. На пример во ако судечкиот судија или совет при одлучувањето за вината ја имал предвид особено ранливата состојбата на директната жртва и должината на времето на сторувањето на кривичното дело како отежнувачка околност во однос на тежината на стореното кривично дело, повторно не би требало да биде разгледувана како отежнувачка околност во однос на одмерување на казната бидејки веке порано била земена предвид.

**6.4. Олеснувачки околности**

Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната определува да при одредување на видот и одмерување на висината на казната судечкиот судија или советот ги земат предвид сите олеснувачки околности вклучувајки го и признавањето на вината.

Доказите за олеснувачки околности вклучуваат;

- признавање на вина или потврдно изјаснување за вина што може да оди во прилог како олеснувачка околност, бидејки обвинетиот изразува каење, искреност и подготвеност да се превземе одговорноста, да се помогне при утврдувањето на вистината за случајот, да со таквиот однос се биде пример на другите лица кои ја не ја признаваат вината, сведоците се ослободуваат од обврските за сведочење на суд и да се заштеди време и ресурси на јавното обвинителство и судот.

- изразување на каење, под услов да тоа е искрено, а може да ги опфати и напорите да се искаже каење во текот или по случувањата или помошта при напорите за надминување на жртвата на последиците од делото,

- покажување на добар карактер и неосудуваност што укажува на можност за ресоцијализација.

- однесување после сторувањето на кривичното дело, но бидејки повекето од обвинетите се со добро однесување во притворот, овој услов би требало во праксата да биде ценет само како елемент со ограничено значење.

- лични и семејни прилики, вклучувајки го и тоа да и обвинетиот има деца или сопруга, бидејки семејните прилики воопшто се сметаат за олеснителни околности.

- намалена пресметливост врз основа на оценката на веројатноста, односно дека е поверојатно да е дадена менталната состојба во релевантно време отколку да не е.

- Старосната доба, особено ако обвинетиот е во „позни години“.

- Лоша здравствена состојба може да се земе предвид само во исклучителни или ретки случаеви, вклучувајки го и тоа кога притворот негативно би влијаел на очекуваниот животен век на обвинетиот.

Овој список не е исцрпен, а на судечкиот судија или совет “му е оставено особено широко дискреционо право во одлучувањето за факторите кои можат да се земат предвид како олеснувачки со цел за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

**6.5. Заклучок**

Одлуката за соодветната казна по осудителната пресуда никогаш не е лесна. Секако, во праксата по ова прашање често се водат жолчни расправии во јавноста. Некои мислат дека изречената казна е преблага, а другите дека е престрога.

Секако дека основната цел на сите казни се репресијата и превенцијата.

Репресијата подразбира изрекување на правична и соодветна казна и ништо повеќе. Превенцијата има двојна функција: да се одредат правични и соодветни казни и да се одврати обвинетото лице од сторување на кривични дела во иднина како и да се оствари општ ефект за одвраќање така што ќе ги обесхрабри другите потенцијални сторители на исти или слични кривични дела.

Секако дека Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, особено со формирање на телото за следење на казнената политика ќе даде основа за создавање на опсежна судска пракса за одмерувањето на казната од страна на судовите во Република Македонија и на тој начин реално би се дошло до воедначување на судската пракса со посебно апострофирање на спредвидливоста на казната како

едно од основните човекови права, но и до правичност и воедначеност на изречените казни.

Во вакви услови на странкарска постапка пред јавното обвинителство и одбраната се востановува обврската да тие мора да се трудат да ги достават до судот сите релевантни информации кои за судечкиот судија или совет ќе бидат реална основа за одредувањето на видот и одмерувањето на висината на казната, на кој начин ќе им се овозможи да на соодветен начин ја утврдат правичната и индивидуализирана казна во случајот за кој судат.

Листата на олеснувачки и отежнувачки околности во која е извршено поединечно бодување на секоја околност е дадена во табелата содржана во Прилог број 2 на законот.

По систематизирањето на сите олеснувачки и отежнувачки околности и нивното вреднување се користат Работни листови за одмерување на казната, за употреба на судиите, обвинителите и адвокатите.

Постојат три работни листови. Во првиот се предвидени сите олеснувачки околности, во вториот сите отежнувачки околности и третиот работен лист се однесува на постапката за утврдување на санкцијата. Работните листови кои се составен дел од списите на предметот и се дадени во Прилогот број 3, Прилогот број 4 и Прилогот број 5 и се составен дел на законот.

Доколку судот утврди казна затвор во траење до 24 месеци, а при евалуацијата во значителен обем преовладуваат олеснувачки околности, при што разликата е најмалку 5 поени во корист на олеснувачките околности, може вака утврдената казна затвор да ја услови или да примени некоја од другите алтернативни мерки предвидени во членот 48-а од Кривичниот законик, ако оцени дека и со изречената условна осуда или друга алтернативна мерка ќе се постигнат целите на казнувањето во смисла на специјалната и генералната превенција.

За кривични дела на правни лица како главна казна се изрекува парична казна.

Паричната казна се изрекува во износ кој не може да биде помал од 100.000 денари, ниту поголем од 30 милиони денари.

За кривични дела сторени од користољубие, како и за кривични дела со кои се остварува корист или се предизвикува штета од големи размери, може да се изрече парична казна до двојниот износ од максимумот на оваа казна или во сразмер со висината на предизвиканата штета, односно остварената корист, но најмногу до нивниот десеткратен износ.

При одмерување на казната судот ќе го земе предвид билансот на состојбите и билансот на успехот на правното лице, видот на дејноста, природата и тежината на извршеното дело.

Ако судот утврди парична казна за две или повеќе дела во стек, единствената казна не може да го достигне збирот на поединечно утврдените казни, ниту да го надминува законскиот максимум на казната пропишана за правното лице.

За кривичните дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до три години, правното лице се казнува со парична казна до 500.000 денари или, ако делото е сторено од користољубие или е предизвикана штета од големи размери најмногу до двојниот износ на предизвиканата штета или остварената корист.

За кривичните дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку три години, правното лице се казнува со парична казна до еден милион денари или, ако делото е сторено од користољубие или е предизвикана штета од големи размери најмногу до петкратниот износ на предизвиканата штета или остварената корист.

За кривичните дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години, правното лице се казнува со парична казна најмалку 500.000 денари или, ако делото е сторено од користољубие или е предизвикана штета од големи размери најмногу до петкратниот износ на предизвиканата штета или остварената корист.

За кривичните дела за кои е пропишана казна затвор најмалку пет години, правното лице се казнува со парична казна најмалку еден милион денари или, ако делото е сторено од користољубие или е предизвикана штета од големи размери до десеткратниот износ на предизвиканата штета или остварената корист.

За потребите на практичарите подолу ќе дадеме некои конкретни напомени за одговорноста на правните лица:

Со оглед дека правните лица претставуваат тела кои се одликуваат со променлива природа (на пример: членовите на правното лице можат да бидат заменети, организацијата променета и слично) јасно е дека поедини институти на кривичното право како што се поврат, ослободување од казна и слично не можат на ист начин да се применат како кон физичките лица.

Кривичните санкции не би смееле да ги оневозможуваат правните лица во вршењето на корисните цели поради кои се основани, но истовремено би требало да ги оневозможат физичките лица да продолжат да вршат општествено штетни активности и правното лице да извлекува корист од тие кривични дела.

Сосема е јасно дека целта на санкцијата не може да се оствари со директно влијание на правното лице, туку со влијание на неговите органи и членови.

Законодавецот има предвидено дека на правното лице за сторено кривично дело судот може да му изрече казна, условна осуда и мерки на безбедност. Значи, станува збор за дуалистички систем на кривични санкции, од кои казните се втемелени на вината на одговорното лице во правното лице, а мерките на безбедност на опасноста од правното лице. Условната осуда како мерка на предупредување на претставува трета категорија на кривична санкција, затоа што е алтернатива на казната и тешко замислива без нејзино постоење.

Законот на содржи посебни одредби за општата цел на кривично-правните санкции кои можат да им бидат изречени на правните лица, ниту пак за целта на поедините видови на кривично-правни санкции. Поради тоа се наметнува логична констатација дека одредбите на Кривичниот Законик за целта на кривично-правните санкции - целта на казнувањето, како и целта на условната осуда и мерките на безбедност соодветно се применуваат и на кривично-правните санкции наменети за правните лица.

За разлика од паричната казна која се изрекува на физички лица сторители на кривични дела за кои Законот одредува дека се изрекуваат во дневни глоби, на правните лица паричната казна секогаш им се определува во одреден износ, како што е наведено погоре.

Според Кривичниот Законик општиот минимум на паричната казна за правни лица е 100.000,00 денари, а максимумот 30.000.000,00 денари.

Со оглед на, со Законот, пропишаната методологија за одмерување на паричната казна - член 96-ѓ став 1 од Кривичниот Законик, а во насока да оваа казна би можела да биде изречена, неопходно е да се утврди финансиската состојба на правното лице земајќи ги предвид билансот на состојбите и билансот на успехот на правното

лице, видот на дејноста, природата и тежината на извршеното дело. Во оваа насока потребно е дообјаснување дека од билансот на состојбите се утврдува што претставува имот на правното лице  и вредноста на тој имот, додека во билансот на успехот се содржани податоци за деловното работење на правното лице односно побарувањата и обврските од ваквото работење како составен дел на завршната сметка на правното лице за деловната година. Ваквите показатели од овие книговодствени исправи треба да бидат истоветни со податоците од деловните книги на правните лица и од регистарот во кој е запишано конкретното правно лице.

Реално се поставува прашањето: Што ако има прикривање на податоци, давање на неточни податоци за имотот, побарувањата и обврските, која материјално-финансиска состојба треба да ја земе предвид судот при изрекување на паричната казна на правното лице?

Секако дека под имот на правното лице се подразбираат сите парични средства, предмети (подвижни и недвижни), правата, како и правните акти и документи со кои се докажува сопственоста или имотните права.

Нормално, судот во пресудата со која ја одмерува паричната казна на правното лице, е должен точно да наведе која е реалната вредност на имотот со кој располага правното лице во моментот на утврдувањето на паричната казна, односно во моментот на донесувањето на пресудата.

Тука од многу битно значење како извори на сознанијата на судот би можеле да му послужат доказите - документите од контролата на материјално финансиското работење на правното лице од Управата за јавни приходи, но и податоците од доказите - документите од водените финансиски истраги за правното лице.

Сосема е јасно дека како можно очекување е органите на правното лице да се обидат да го оневозможат утврдувањето на реалната вредност на имотот со негово располагање пред изрекувањето на паричната казна и поради тоа треба уште во најраната фаза да се пристапи кон обезбедување на имотот преку привремените мерки за обезбедување на имотот.

При одмерувањето на паричната казна на правното лице се земаат предвид општите правила за утврдување на казната во согласност со одредбите од Кривичниот Законик како и економската моќ на правното лице.

При оценката на економската моќ на правното лице се земаат предвид следниве критериуми:

- Вредноста на имотот кој го поседува;
- Неговите приходи и обвски.

Општите правила за одмерување на казната според Кривичниот Законик би требало адекватно да се користат и применуваат при изрекувањето на казната на правното лице.

Обврската на судот, да при изрекувањето на казната на сторителот на кривичното дело го земе предвид степенот на неговата кривична одговорност при определувањето на казната на правно лице подразбира обврска на судот да го земе предвид обликот и интензитетот на придонесот на раководните или надзорните органи на правното лице во сторувањето на кривичното дело.

Секако дека при одмерувањето на казната на правното лице судот треба да го земе предвид и евентуалното поранешно казнување на правното лице за сторено кривично дело, прекршок или стопански престап, а доколку станува збор за поврат, судот посебно ќе го земе предвид фактот дали поранешното дело е од ист вид како и ново стореното кривично дело и колку време поминало од поранешната осуда, односно од извршената или простена казна.  Исто така при определувањето на казната на

правното лице судот ќе води сметка и за однесувањето на неговите раководни или надзорни органи после сторувањето на делото, а во врска со стореното кривично дело. Висината на паричната казна со која за сторено кривично дело ќе се казни правното лице, е определена според казната која со законот е пропишана за сторителот на тоа кривично дело.

Сепак сметаме дека најтешката санкција за правото лице е споредната казна престанок на правното лице и од тие причини ќе дадеме неколку битни напомени во врска со ова споредна санкција:

Нејзиното изрекување не е условено со тежината на кривичното дело за кое правното лице е огласено за виновно, туку од утврдувањето на судот дека дејноста на правното лице во целост или во претежна мерка е користена за сторување на кривичното дело. Вака определениот услов за изрекување на оваа споредна казна практично преставува убедувањето на судот дека незаконитото дејствување на правното лице е определувањето на неговите раководни или надзорни органи во насока да правното лице не делува во правец на остварувањето на целите заради кое било основано и запишано во соодветниот регистар.

Во оваа насока би требало да се напомене дека е доволно да е сторено само едно кривично дело, а сепак судот да заклучи дека дејноста на правното лице во целина или во значителна мерка е во функција на вршењето на кривични дела, односно тоа значи дека дејноста на правното лице, а со тоа и постоењето на самото правно лице, е само параван за реализација на криминални активности. Исто така сметаме дека почест случај во праксата би бил да судот таквиот заклучок го изведе врз основа на фактот што правното лице извршило повеќе кривични дела.

Во оваа насока освен оние општи олеснувачки и отежнувачки околности кои веќе ги имаме анализирано во овие Упатства за паричната казна за физичките лица, сметаме дека судот би можел како отежнителни да ги цени следниве околности:

1.Ако кривичното дело претставува извршување на противправна одлука, налог или одобрувања од раководните или надзорните органи на правното лице;

2. за сторувањето на кривичното дело знаеле раководните или надзорните органи на правното лице и го одобрувале;

3. раководните или надзорните органи на правното лице влијаеле на извршителот или му овозможиле извршување на кривичното дело;

4. доколку раководните или надзорните органи на правното лице располагале со противправно стекнатата имотна корист или ги користеле предметите стекнати со извршувањето на кривичното дело;

5. раководните или надзорните органи на правното лице грубо ги повределе своите обврски произлезени од одредбите на законот или општите акти на правното лице со што го пропуштиле должниот надзор на законитоста во работењето од страна на нивните подредени во хиерархијата работници во правното лице;

6. раководните или надзорните органи на правното лице биле запознаени со податоци во ревизиските извештаи составени од страна на овластениот ревизор за незаконито работење, но не превзеле никакви мерки.

Евентуални олеснувачни околности:

1. Раководните или надзорните органи на правното лице постапувале со внимание на добар стопанственик, но и покрај таквиот пристап реално не можеле да ги откријат незаконитостите во работењето на вработените лица и сторувањето на кривичните дела;

2. раководните или надзорните органи на правното лице биле доведени во заблуда од страна на одговорните лица за содржината на финансиските исправи и за податоците за материјално - финансиското работење на правното лице;

3. раководните или надзорните органи на правното лице не можеле да ја откријат незаконитоста во работењето на одговорните лица и кога такви факти немало во ревизиските извештаи составени од страна на овластениот ревизор;

4. раководните или надзорните органи на правното лице во моментот кога дошле до сознанија за незаконито работење на одговорните лица веднаш превзеле мерки за отклонување на таквите незаконитости и во таа смисла:

- го пријавиле кривичното дело и сторителот,
- утврдувале одговорност на одговорното лице како повреда на обврските од работен однос,
- покренале постапка за надомест на штета од одговорното лице сторена на работа и во врска со работата.

Во четвртата глава се дадени двата случаи на утврдувањето на санкцијата во постапката на договарање за видот и висината на казната меѓу јавниот обвинител и обвинетиот во рамките на спогодувањето.

При договарањето на јавниот обвинител и обвинетиот во текот на истражната постапка и во скратената постапка до поднесување на обвинителниот предлог, не може да биде договорена казна помала од 50% од казната што би била изречена со примена на одредбите на овој закон во редовна судска постапка.

При договарањето на јавниот обвинител и обвинетиот во фазата на оцена на обвинителниот акт, не може да биде договорена казна помала од 60% од казната што би била изречена со примена на одредбите на овој закон во редовна судска постапка.

Ова значи дека при вакввото постапување јавниот обвинител, обвинетиот и неговиот бранител би морале да го поминат процесот на утврдувањето на казната што би го направил судот во текот на главната расправа, што подразбира и пополнување на работните листови, за да можат со што поголема веројатност да ја предвидат санкцијата што на обвинетиот би му била изречена на главната расправа и соодветно да ја искористат можноста што им ја дава овој Закон за намалување на казната при договарањето.

Во петтата глава е опишан начинот на утврдување на кривичната санкција во случај на признание на вина во текот на главната расправа, па така во текот на главната расправа, по одржувањето на воведните говори на странките, ако обвинетиот ја признае вината судот не може да му изрече на обвинетиот казна помала од 70% од казната што би била изречена со примена на одредбите на овој закон во редовна судска постапка. Ова значи дека судот сепак ќе има обврска да изврши целосна евалуација со пополнување на обрасците кои се составен дел на Законот, да ја утврди казната и дури потоа да премине на нејзино евентуално намалување до законски предвидениот минимум.

Во шестата глава - преодни и завршни одредби е наведено дека Комисијата ќе се формира во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон и дека со отпочнувањето со примената на овој закон престанува да важи Правилникот за начинот на одмерување на казните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/14).

Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната ќе отпочне да се применува по истекот на шест месеци од денот на влегувањето во сила.

# 7. Хипотетички случај за спроведување на вежбата за примена на Законот

Целта на едукативниот материјал, е да помогне да се зајакне ефикасната организираност и да се презентират на еден сеопфатен, практичен и релевантен начин стандардите и правилата за изрекување на видот и висината на санкцијата согласно lex specialis законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, а пред се во случајов за судиите и јавните обвинители, но и за другите правни експерти, особено од аспект за подршка на човековите права, владеењето на правото, развојот на демократијата во Република Македонија но и другите долгорочни развојни цели.

## 7.1. Напомени за едукаторите и слушателите за презентација на хипотетичкиот случај

Хипотетичкиот пример како предмет е осмислен да даде фактички опис на можна кривичноправна ситуација во праксата со можна примена во повеќе аспекти и фази на кривичната постапка започнувајки од претходната постапка (предистражна и истражна постапка), обвинувањето и оцената на обвинителниот акт, главната расправа и донесувањето на пресуда, жалбената постапка, постапката по вонредни правни лекови и скратените постапки.

Особено е битно градењето на правен аргумент преку анализа на доказите, релевантните факти изведени од самите докази во случајот и примената на правните принципи и правила изложени во различните фази на постапување според Законот за кривичната постапка.

За намената и целта на конкретната едукација во случајов се разгледуваат можните ситуации во однос на признавањето на вината и договарањето за вид и висина на санкција, признавањето на вина во текот на главната расправа, како и стандардите и правилата за изрекување на видот и висината на санкцијата според законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

Основната цел на на хипотетичкиот пример како можен случај во праксата, се базира на едукативната задача да се презентира и води дискусија и дебата со целните групи за начинот на одмерување на санкциите според правилата утврдени во нормите од lex specialis законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната. Од таа причина, слушателите не треба да ги земаат предвид деталите туку да ја сфатат самата суштина на примената на правилата од законот, начинот и пристапот при изработката на работните листови и тоа како од страна на јазвните обвинители, адвокатите на одбраната од аспект на примената на каузалните начини на завршување на кривичната постапка, така и судиите при одмерувањето на видот и висината на санкцијата како тоа би било во хипотетичкиот предмет и во склад со одредени услови и правила од самиот закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

Една од конкретните цели, е да учесниците во работилниците бидат насочени да се фокусираат на фактите врз основа на кои би можеле да ги разгледаат начините на кој тие факти можат да им послужат во практичната примена на одредбите и правилата од посебниот закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната. Секако дека учесниците ќе имаат слобода да дискутираат на кој начин да пристапат кон предметите.

Не постојат точни одговори на хипотетичкиот случај. Неговата цел во суштина е да се развие дискусија во текот на која можат да презентираат и застапуваат различни стојалишта. Суштествено, основната цел, е да учесниците ги разгледаат и

применат правните принципи, стандарди и правила кои ќе им бидат презентирани, на начин што нивното разбирање на претходно споменатите правни институти ќе биде зголемено и проширено.

Клучното прашање кое се поставува, е кои се присатните докази кои се однесуваат на околностите преку кои се докажуваат релевантните факти, кои се од значење за одмерување на видот и висината на казната во однос на обвинетите согласно законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

Хипотетичкиот предмет не ги содржи сите можни докази кои би можеле да бидат достапни во вистински предмет.

Учесниците треба да се охрабрат со цел да идентификуваат кои видови на докази треба да бидат собрани и изведени од страна на јавниот обвинител и одбраната, како и стандардот на докажувањето, а со тоа подобни со цел да судот при одмерување на видот и висината на казната во однос на обвинетите треба да ги има предвид со цел да видот и висината на казната ја определи правилно и во согласност со одредбите од законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

**7.2. Фактички основи на случајот**

Осомничените Драган Драганов, Петар Петровски, Никола Николовски и Марко Марковски сите од Куманово на ден 13.11.2014 година во раните утрински часови, околу 2,оо часот, во местото с. Агино село, општина Куманово, која се наоѓа на автопатот Куманово - Скопје врз основа на претходно склучен договор со други лица, а со цел за прибавување на противправна имотна корист, се довезле со возило марка Форд со сребрена боја и со украдени регистерски таблички бр.КУ 3222 РБ, пред бензинската пумпа Цитго.


















и додека третоосомничениот Никола Николовски чувал стража пред бензинската пумпа на Арго Трејд Скопје при тоа користејки револвер марка колт питон,



Никола Николовски сликан од една од безбедносните камери на Арго Трејд Скопје

а осомничениот Марко Марковски останал во возилото да ги чека останатите, а другите двајца осомничени со маски на главите, од кои првоосомничеиот Драган Драганов со пиштол во рацете во кој претходно ставил муниција со калибар 9 мм, а второосомничениот со пиштол марка влегле во просториите на бензинската пумпа Арго Трејд каде се наоѓал сопственикот на истата Нестор Несторовски, продавачката Софија Софијанска повеќе муштерии од кои се познати Миливој Миливојевиќ од Врање Република Србија,Миланка Милановска од Куманово, првоосомничениот Драган Драганов, со вперен пиштол, со повишен тон рекол на сопственикот и продавачката која се наоѓала кај касата: „Ова е грабеж, дај ги парите и боновите“ на што сопственикот на пумпата, видно исплашен, од џебот извадил црн паричник во кој имало околу 2.700 Евра, 1.100, американски долари и 150.000,оо денари во разни апоени и му го предал, додека второосомничениот Петар Петровски, ја принудил продавачката Софија Софијанска да ја отвори касата и од истата го извадил пластичниот вметнувач во кој се наоѓал износ од 999.999,оо денари во разни апоени, и вредносни бонови во вредност од 250.000,оо денари, па кога ги зел парите и вредносните бонови, првоосомничениот Драган Драганов на сопственикот на пумпата му се заканил да не вика полиција во рок од 24 часа или во спротивно ќе ја дигне бензинската пумпа во воздух, по што двајцата осомничени излегле од просториите на бензинската пумпа и со себе ги однеле парите, паричникот и вредносните бонови, во кој момент првоосомничениот Драган Драганов истрелал три куршуми во воздух, а потоа заедно со третоосомничениот Никола Николовски тргнале кон автомобилот но

во тој момент виделе да автомобилот не ги чекал и го немало четвртоосомничениот Марко Марковски, по што првоосомничениот забележал црвено возило во кое бил Јован Јовановски, се приближил кон возилото, го вперил пиштолот кон оштетениот Јован Јовановски и насилно ги одзел клучевите од возилото сопственост на сопственикот на Јован Јовановски и со другите осомничени се одвезле во насока кон Скопје.



Потоа со возилото на Јован Јовановски заедно со другите осомничени се одвезле во насока кон Скопје.



Во моментот кога Марко Марковски бил забележан од лицето Мусли Муслиу, тој го напуштил местото на настанот, со тоа што кај Агино село поминал на делот од автопатот кој води кон Куманово, со избегнување на патарината и по друг пат се вратил во Куманово и се сокрил во викендичка сопственост на негов пријател во село Орашац од која поседувал клучеви кои порано овој пријател му ги има дадено. После пет дена од настанот отишол во полиција, пред да бидат откриени сторителите на делото, каде го пријавил кривичниот настан и ги идентификувал другите членови на бандата Драган Драганов, Петар Петровски и Никола Николовски, со образложение да немале договор за примена на прекумерна сила кон затечените лица во бензинската

пумпа, а од она што го слушнал внатре во деловните простории токму тоа нешто се случувало од Драган Драганов и Петар Петровски во што тој не сакал да учествува. На јавниот обвинител му го открил и соработникот вработен во бензинската пумпа Павле Павловски од кој имале добиено информација да дури наредниот ден ќе се носи пазарот кој е собиран во текот на месецот и да тогаш било најдоброто време да биде извршен грабежот. Исто така со него било и лицето Митар Миронов, кој зборувал и за друга бензинска пумпа во населбата Ченто и Рајо Раевски кој кажа дека знае се за супермаркет во населбата Ченто и да во сите овие објекти има многу пари во готовина. Исто така кажа на јавниот обвинител дека полицајците Милован Драганов и Рајче Рајчевски вработени во СВР Скопје им давале совети и упатства како да го извршат кривичното дело, им набавиле и дале електрошокери и им ветиле целосна помош после стореното дело.

Се согласил да соработува со полицијата и да сведочи во случајот но побарал да добие статус на загрозен сведок затоа што Драган Драганов, Петар Петровски и Никола Николовски, биле познати насилници и со сведочењето неговата лична сигурност, сигурноста на неговата девојка како блиско лице и членовите на неговото потесно семејство ќе биде доведена во опасност.

На ден 15.11.2014 година во попладневните часови, околу 14,оо часот Драган Драганов и Петар Петровски, со патничкото моторно возило пежо со црвена боја на кое претходно ставиле украдени регистерски таблички СК 1987 РК се упатиле кон супермаркетот сопственост на Арго Трејд Скопје во населбата Ченто во Скопје.





и околу 14,30 часот во супермаркетот влегле Драган Драганов и Петар Петровски со ставени бели маски на лицето, со себе носеле пиштоли и елетрични шокери, со тоа што прво го онеспособиле продавачот Саит Саити со електрошокер затоа што се обидел да даде отпор, на другите присатни лица им се закaниле и одзеле пари од другиот продавач Ваит Саити во износ од 1.150.000,оо денари, кој самиот им ги дал парите, а од присатните лица во супермаркетот Миодраг Марковски, Јана Јаневска, Тодора Тодоровска, Менка Меновска, Рајна Рајковска, Стојна Стојковска со упатени закони вадете се вредно што имате, поради страв за сопствениот телесен интегритет, од нивна страна им биле дадени пари и други вредносни предмети златен накит во вредност од 550.000,оо денари.









Потоа се качиле во патничкото моторно возило пежо со црвена боја на кое претходно ставиле украдени регистерски таблички СК 1987 РК и се упатиле во непозната насока.

На ден 16.11.2014 година во раните утрински часови, околу 3,оо часот, по претходен договор со патничкото моторно возило пежо со црвена боја на кое претходно ставиле украдени регистерски таблички СК 3457 БН Драган Драганов, Петар Петровски, Арслан Арслани, Моне Моневски и Даме Дамески се упатиле кон бензинска пумпа сопственост на Арго Трејд Алфа Скопје  во населбата Ченто во Скопје.

Додека Драган Драганов чувал стража, а Петар Петровски бил во патничкото моторно возило со вклучен мотор, околу 3,2о часот Арслан Арслани, Моне Моневски и Даме Дамески со маски на главата влегле во нејзините деловни простории со пиштоли и го онеспособиле продавачот Ратко Ратковски кој се обидел да даде отпор на начин што пукале во него и тешко го раниле во пределот на левата и десната подколеница.

Во просторијата се наоѓале покрај  Ратко Ратковски се наоѓале и продавачката Софија Наумова и повеќе муштерии од кои се познати Милорад Пандиловски, Деско Десковски, Марина Мариновска, Марин Мариновски, Драгана Драгиќ, Драган Драгиќ сите од Скопје и Јован Јовановски, Аднан Аднани и Гзиме Гзимовска од Тетово, а Арслан Арслани на лош македонски јазик кажал исклучи ги камерите инаку сите ќе ве убиемо, пљачка, парите и другите вредни работи дајте ги или ќе бидете утепани. Од страна на продавачката им биле дадени сите пари, девизи и вредносни бонови во вкупна вредност и противвредност од 970.000,оо денари, а од страна на оштетените им биле дадени пари и други предмети од вредност – златни работи во вредност од 450.000,оо денари. Арслан Арслани на лош македонски јазик кажал: „Само ако зуцнете или покушате да се јавите некаде или на полицијата сите ќе ве потепаме, но и со динамит ова бензинска ќе ја дигнеме во воздух заедно со сите вас“.

Потоа излегле и сите заедно се качиле во патничкото моторно возило пежо со црвена боја на кое претходно ставиле украдени регистерски таблички СК 3457 БН  и се упатиле во насока кон Арачиново.











Така, во рамките на група со употреба на оружје, закана кон други лица со директен напад врз нивниот живот и тела, присвоиле движни добра со цел да добијат за себе незаконска добивка.

Јавниот обвинител утврдил да пости основано сомнение да осомничените лица сториле кривични дела според презентираните фактички основи правно ги кфалификувал да сториле кривични дела Разбојништво од член 237 став 4 во врска со став 1 и член 22 од КЗ и тоа во време и на начин како што го опишал во диспозитивот на наредбата.

Овие лица имат сторено четири кривични дела разбојништво во стек, а не едно продолжено кривично дело разбојништво. Во прашање се четири одвоени дејствија кои се сторени на различни места, во различно време и на штета на различни оштетени.

**Разбојништво**
**Член 237**

(1) Тој што со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото на друг ќе одземе туѓ подвижен предмет со намера противправно да го присвои, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(2) Ако вредноста на одземениот предмет е од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(3) Ако вредноста на одземениот предмет е помала, и сторителот одел кон тоа да присвои предмет од таква вредност,
ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Ако при извршувањето на делото од став (1) до (3) на овој член на некое лице со умисла му е нанесена тешка телесна повреда или ако делото е сторено во состав на група, банда или ако е употребено огнено оружје или опасно орудие или ако при

извршување на делото во банка, менувачница, пошта или на јавно место е загрозен животот или телото на две или повеќе лица,
сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.
(5) Ако при извршувањето на делото од став (1) некое лице со умисла е лишено од живот, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

**Разбојничка кражба**
**Член 238**

(1) Тој што, затечен во кражба, ќе употреби сила или закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото на друг со намера украдениот предмет да го задржи, ќе се казни со затвор најмалку пет години.
(2) Ако вредноста на украдените предмети е од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.
(3) Ако вредноста на одземениот предмет е помала и сторителот одел кон тоа да присвои предмет од таква вредност,
ќе се казни со затвор од една до пет години.
(4) Ако при извршувањето на делото од став (1) до (3) на овој член на некое лице со умисла му е нанесена тешка телесна повреда или ако разбојничка кражба е сторена во состав на група или банда или ако е употребено огнено оружје или опасно орудие или ако при извршување на делото во банка, менувачница, пошта или на јавно место е загрозен животот или телото на две или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.
(5) Ако при извршувањето на делото од став (1) некое лице со умисла е лишено од живот, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

**Злосторничко здружување**
**Член 394**

(1) Тој што ќе создаде група или банда што има за цел вршење на кривични дела за кои може да се изрече казна затвор од три години или потешка казна, ќе се казни со затвор од една до пет години.
(2) Припадникот на групата или бандата, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.
(3) Припадникот на групата или бандата кој ќе ја открие групата, односно бандата, пред да стори некое кривично дело во нејзин состав или за неа, ќе се ослободи од казна.

Обвинителството и одбраната во случајов ги имат поднесено сите релевантни информации кои можат да помогнат на судечкиот совет во одредување на соодветната казна. При употреба на дискреционото право за одредување на соодветната казна претресниот совет мора да ја земе предвид тежината на кривичното дело, личните околности на осудениот, било какви отежнувачки или олеснувачки околности.

Работниот материјал е изготвен од:
**д-р Јован Илиевски**, Јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција
**Јаким Наумов**, адвокат
**м-р Владимир Панчевски**, Претседател на Основниот суд Скопје I - Скопје